**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 07-473/5
Датум: 26.2.2014 г.
С К О П Ј Е

пречистен текст

Врз основа на член 14 став 2 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на третиот циклус на студии-докторски студии на Универзитетот *Св. Кирил и Методиј* во Скопје, (Универзитетски гласник бр. 245/2013), Советот на студиската програма од трет циклус на студии по *метрологија*, на седниците одржани на 26.2.2014 и на 3.3.2014 год. донесе

# Одлука

за дополнителни критериуми за запишување
на трет циклус на студии по метрологија

1. Кандидатите кои немаат остварен просечен успех од сите предмети од претходно завршеното високо образование, од најмалку 8, можат да се запишат на студии на трет циклус на студии на студиската програма *Метрологија ако* имаат:

- остварен просечен успех од најмалку 7,5 на додипломски студи во траење од 10 семестри (9 настава и еден за изработка на дипломски труд),
- најмалку три години работно искуство во метрологијата по дипломирањето,
- објавено најмалку два труда во списание или на конференции,
- најмалку една препорака од универзитетски професор.

2. Одлуката да се достави до Советот, Школата, веб страницата, Службата за студентски прашања, секретарот и архивата на ФЕИТ.

Раководител на Советот
Проф. д-р Миле Станковски